# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

во согласност со Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година, објавен на интернет-страницата на Универзитетот и врз основа на Упатството за реализација на Конкурсот, донесено на седница на Универзитетската конкурсна комисија на 11.7.2024 г.

Кандидатите за прв циклус студии во учебната 2024/2025 година се пријавуваат за упис преку системот за електронско пријавување како дел од системот со студентски сервиси „iKnow“ („iKnow“-системот) и со лична (физичка) достава на оригиналните документи при пријавувањето.

Пред терминот на пријавувањето, во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира за електронско пријавување во „iKnow“-системот, на следната веб-локација: www.upisi.ukim.mk, и да ја пополни електронската пријава.

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување (универзитетска пријава за запишување).

По успешното пријавување во „iKnow“-системот, кандидатот се пријавува во канцеларијата за студентски прашања на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (во понатамошниот текст: Факултет).

При пријавувањето, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријавен лист за конкурирање за упис на прв циклус студии (од книжарница, рачно пополнет и потпишан);
2. универзитетски пријавен лист (од „iKnow“-системот);
3. интерен пријавен лист (од „iKnow“-системот, лично потпишан);
4. оригинални свидетелства од сите класови;
5. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);
6. извод од матичната книга на родените (оригинал);
7. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение – оригинал);
8. потврда за уплата:
   - административна такса во износ од 50,00 денари;
   - 300 денари на трансакциската сметка на Факултетот.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти прикачуваат, освен горенаведените документи, и нотарски заверен образец М1/М2 или лекарско уверение за причините наведени во глава VI точка 1 став 2 од Конкурсот (издадено од ЗУ Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).

Со објавувањето на конечната ранг-листа, Факултетот на огласната табла и веб-страницата за уписи на нови студенти во учебната 2024/2025 година, во согласност со роковите од Конкурсот, ќе ги објави термините во кои кандидатите ќе треба да ги поднесат документите за запишување на Факултетот.

Од Факултетската конкурсна комисија.